Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а во врска со Одлуката за утврдување на постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр. 09-1014/11 од 17.02.2026 година(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 12-та седница одржана на ден __.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес со бр. 09-1014/11 од 17.02.2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26).

**Член 2**

Во член 3 став 1, алинеја 3, текстот се брише и се заменува со текстот: „физички лица, жители на општината со здравствена неповолона состојба за лекувања во странство“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес со арх.бр. 09-2078/5 од 23.04.2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.04/26).

Согласно горенаведениот Правилник, потребно е да се изврши усогласување на Одлуката за утврдување на постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со арх.бр. 09-1014/11 од 17.02.2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26).

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 8-та седница одржана на ден 17.02.2026 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ОД ПРОГРАМАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува постапката за доделување средства од Буџетот на Општина Велес на жители на Општината кои се нашле во состојба од потреба за користење средства во вид на еднократна парична помош (во понатамошниот текст -средствата).

**Член 2**

Средства што ќе се доделуваат се планирани во годишниот буџет на Општина Велес во програмата АО-Совет на Општина Велес.

**Член 3**

Право на доделување на средства од Буџетот на Општина Велес имаат:

-здруженија и поединци кои вршат афирмација и претставување на општината во странство со учество на натпреварувања од областа на спортот, културата и др.

-физички лица, жители на општината кои претрпеле штети како последица од елементарна непогода(пожари,поплави,земјотрес и сл)

- физички лица, жители на општината од категорија на граѓани со висок степен на здравствена неповолна состојба и тоа за оперативен зафат на тешки срцеви заболувања, мозочни и малигни заболувања и за лекувања во странство.

**Член 4**

Средства кои ќе се определат од Буџетот на Општина Велес за доделување имаат за цел да се помогне на жителите на Општината кои се нашле во состојба од потреба за користење средства во вид на еднократна парична помош и се определуваат на следниов начин:

- Средства за намена од член 3 , став 1, алинеа 1 се движат во максимален износ до 25.000 денари;
- Средства за намена од член 3 , став 1, алинеа 2 се движат во максимален износ до 45.000 денари;
- Средства за намена од член 3 , став 1, алинеа 3 се движат во максимален износ до 35.000 денари;

**Член 5**

Средствата ќе се доделуваат исклучиво на баратели кои по приложена соодветна документација, за кои ќе се утврди дека го исполниле условот да добијат средства од Буџетот на Општина Велес.

Средствата се засметуваат како еднократна парична помош.

Средствата како еднократна парична помош, барателот може да го оствари само еднаш во текот на годината.

За доделените средства,општинската администрација води евиденција.

Едно лице може да користи финансиски средства од Буџетот на Општина Велес само по еден основ.

**Член 6**

Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес при разгледувањето на барањата за еднократна парична помош ќе се води од определените критериуми за доделување на финансика помош, утврдени со посебен акт донесен од Советот на Општина Велес.

Во посебниот акт ќе се утврдат критериумите за доделување финансиски средства за секоја категорија, висината на средствата, потребната документација, роковите и начинот на постапката по поднесеното барање до донесување на решение за исплата.

**Член 7**

Средствата од Буџетот на Општина Велес можат да се користат само еднаш во текот на календарската година, освен за исклучителни случаи за кои Комисијата одлучила и дала предлог до Советот за донесување на решение.

**Член 8**

Со влегување во сила на оваа Одлука, Одлуката за утврдување на постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/7 од 01.07.2022 година престанува да важи.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-1014/11
17.02.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за финансиски прашања и
-Списи и архива.